

Зборник на трудови од IX Меѓународниот симпозиум за византиски и средновековни студии

# ДЕНОВИ НА ЈУСТИНИЈАН I

Скопје, 12-14 Ноември, 2021

Уредник
Митко Б. Панов

## Идеологија
## Ideology

Proceedings of the IX International Symposium on Byzantine and Medieval Studies

# DAYS OF JUSTINIAN I

Skopje, 12-14 November, 2021

Edited by
Mitko B. Panov

Skopje, 2021

Институт за национална историја - Скопје

# Идеологија

**Зборник на трудови од**
**Деветтиот меѓународен симпозиум за**
**византиски и средновековни студии**
**„Денови на Јустинијан I“,**
**Скопје, 12-14.11.2021 г.**

Уредник
Митко Б. Панов

Скопје, 2022

Институт за национална историја - Скопје

Уредник:
Митко Б. Панов

Лекторка:
Јордана Шемко Георгиевска

Техничка обработка:
Игор Панев

Печати: ДПТУ Контура ДОО Скопје

Финансиски поддржано од:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.75(495.02)"653"(062)
930.85(495.02)"653"(062)

ЗБОРНИК на трудови од Деветтиот меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии „Денови на Јустинијан I" (9 ; 2021 ; Скопје)
Идеологија : зборник на трудови од Деветтиот меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии „Денови на Јустинијан I", Скопје, 12-14.11.2021 г. / [уредник Митко Б. Панов]. - Скопје : Институт за национална историја, 2022. - 292 стр. : илустр. ; 24 см

Текст на мак. и англ. јазик. - На наспор. насл. стр.: Ideology : proceedings of the 9th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 12-14 November, 2021 / edited by Mitko B. Panov. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4981-05-3

а) Идеологија -- Византија -- Среден век -- Собири б) Културна историја -- Византија -- Среден век -- Собири

Institute of National History - Skopje

# Ideology

## Proceedings of the 9th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 12-14 November, 2021

Edited by
Mitko B. Panov

Skopje, 2022

**Уредник**
Митко Б. Панов

**Меѓународен научен комитет**
Флорин Курта*, Универзитет во Флорида*
Митко Б. Панов, *Институт за национална историја, Скопје*
Донатела Бијаџи Маино*, Универзитет во Болоња*
Елизабета Димитрова*, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Драги Ѓорѓиев*, Институт за национална историја, Скопје*
Хрвоје Грачанин*, Универзитет во Загреб*
Ендрју Роуч*, Универзитет во Глазгов*
Џузепе Маино, *Универзитет во Болоња*
Георги Николов, *Универзитет во Софија*
Витомир Митевски*, Македонска академија за науки и уметности, Скопје*
Гордана Силјановска, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Каролин С. Снајвли, *Гетисбург колеџ*
Виктор Лилчиќ, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Александар Спасеновски*, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Иванка Василевска, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Мишо Докмановиќ, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Рубин Земон, *Центар за напредни студии, Скопје*

**Edited by**
Mitko B. Panov

**International Scientific Committee**
Florin Curta, *University of Florida*
Mitko B. Panov, *Institute of National History, Skopje*
Donatella Biagi Maino, *University of Bologna*
Elizabeta Dimitrova, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Dragi Gjorgiev, *Institute of National History, Skopje*
Hrvoje Gračanin, *University of Zagreb*
Andrew Roach, *Glasgow University*
Giuseppe Maino, *University of Bologna*
Georgi Nikolov, *Sofia University*
Vitomir Mitevski, *Macedonian Academy of Science and Arts, Skopje*
Gordana Siljanovska, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Carolyn S. Snively, *Gettysburg College*
Viktor Lilčić, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Aleksandar Spasenovski, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Ivanka Vasilevska, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Mišo Dokmanović, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Rubin Zemon, *Center for Advanced Studies, Skopje*

# СОДРЖИНА / CONTENTS

Предговор / Foreword ix
МИТКО Б. ПАНОВ

1. Ideology: shades of meaning, valences of interpretation
JOHN F. HALDON 17

2. The Letters of Romanos I Lekapenos to the Bulgarian ruler Symeon and the principles of the Byzantine political ideology
ANGELIKI DELIKARI 31

3. Who Crowned Tsar Samuel: Appropriating the Byzantine ideology in the 13th century Balkans
MITKO B. PANOV 37

4. Political ideology and cultural interaction between East and West on the Battle of Pelagonia (1259)
SALVATORE CONSTANZA 47

5. A (Grand) Komnenos is forewer: Some Notes on the Dynastic Ideology in the Empire of Trebizond
MARCO FASOLIO 59

6. Nomadic courts as reflection of imperial ideology (Huns, Avars, Western Turks)
GEROGIOS KARDARAS 76

7. Race, Ethnicity and Tribalism in the World of Kōnstantinos VII Porphyrogennētos
ALEX M. FELDMAN 86

8. Ideological resistance and Identity in the Byzantine Empire: The case of Georgians
IOANNIS BANTOUVAS 95

9. Crazy iconoclasts. The power of caricature viewed through the Chludov Psalter
SIMONA PRIMO FASOLIO 103

10. Од ординарен консумеризам до интелектуализам: Развојот на богомилската идеологија во интроспекцијата на историските извори
МАЈА АНГЕЛОВСКА – ПАНОВА 110

11. Beyond Christian Ideology – Sketching the Typology of the Bogomil Beliefs at the Fringes of Heresy: an Attempt of Typologization
BOJANA RADOVANOVIĆ 122

12. Interrelations between Church Father Origen and the Bogomils?
DICK VAN NIEKERK 132

13. Положбата на византискиот император во Црквата и импликациите врз Охридската архиепископија
ЃОКО ЃОРЃЕВСКИ 143

14. Одразот на верската идеологија на Михаил VIII Палеолог врз Охридската архиепископија
ВИКТОР НЕДЕСКИ 153

15. Justinian I as the Best of Architects. The Image of the Emperor in the “On Buildings” of Procopius of Caesarea
MAGDALENA GARNCZARSKA 159

16. The “status quo” at the Church of the Holy Sepulchre in Jerusalem and its connection with architectural appearance of the shrine
ELENA LAVRENTYEVA
IRINA CHIRSKOVA 168

17. Politically motivated Preservation of Cultural Heritage
ROZMERI BASIC 180

18. Византиски цркви и манастири во Македонија – товар или капитал за иднината?
ПАНЧЕ ВЕЛКОВ 189

19. Science and Ideology in the Middle Ages
GIUSEPPE MAINO 195

20. The dynamic nature of Byzantine education
VÁCLAV JEŽEK 208

21. Образовната идеологија во Византија
АНЕТА ЈОВКОВСКА 218

22. Можностите за осврт на идеологијата, религијата и магијата низ византискиот светоглед
МАРИЈА ТОДОРОВСКА 228

23. Constantine, Sylvester, Procopius: Studies of Manuscript Traditions in Russia in the 19th and early 20th century and their Relevance to the Study of Justinian's Reign
DMITRI STAROSTIN 238

24. Ἄρχετε βουκολικᾶς. Византиската еклога по примерот на буколиката од Планудес
МАЌЕЈ ХЕЛБИГ 247

25. Христијанската просвета и книжевност во средновековно Кичево и кичевско
АЛЕКСАНДАР КРСТАНОСКИ 257

# 13

# Положбата на византискиот император во Црквата и импликациите врз Охридската архиепископија

ЃОКО ЃОРЃЕВСКИ, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје

UDK 321.18:27-732-05(495.02)
UDK 27-9:271.22(497.7)

**Abstract**: The paper is a contribution to the issue of the rights and position of the emperor in Byzantium, which place him in a special position in the Church. As the “Anointed by the Lord”, he was considered the most important church member among the laity, as evidenced by the Nomocanon's as well as some patristic texts. The presentation also contains an overview of the imperial active involvement in the life of the Church, as well as some of the imperial decisions that mark the church history through the centuries, including the decisive moments in the history of the Ohrid Archbishopric.

Идејата за државноста, власта и хиерархиската поставеност уште во доцната антика и во средновековието, честопати била оправдувана со религиски аргументи. Не била ретка појавата на деификацијата на власта, кога на владетелот се гледало како на посредник помеѓу Бога и човекот. И покрај големите и неизбежни разлики меѓу специфичните видовите на уредување, како и на политичките идеологии, заеднички за сите нив е применета на принципот на божественото потекло на власта. Посебно присутен во доцната Римска империја, тој бил дополнително и надграден и развиен во Византиската империја.[1]

1 Georgi Bakalov, “Religius Aspects of medieval State Ideology in the European Southeast”, in *State*

Имајќи го предвид општествено-политичкиот контекст на првите векови од христијанството, разбирливо е тоа што за тогашните христијани Црквата и Државата биле сметани за две сосема различни институции, кои имаат различни задачи, природа и структура. Со промената на историските прилики, се развивал и ставот по ова прашање.

Според подоцнежната христијанска интерпретација, Бог владее со светот, а императорот, преку од Бога дадената власт, со луѓето и редот на земјата.[2] Ваквото разбирање својата основа ја наоѓа во Евангелието, во зборовите кои Христос упатени на Пилат: „не би имал никаква власт ако не ти беше дадена одозгора" (Јован 19,11; сп. Рим 13,1). Библискиот пример е елаборирани од христијанските канонисти. Во нивните списи, византискиот император се трансформира во главен христијански владетел, кој има легитимната власт „која му е дадена од Бога" (затоа и секој обид за напад врз него се смета не само за криминален чин, туку и за грев).[3] Тој однос меѓу земната и свештената власт во Византиската империја е разгледуван и толкуван од бројни личности низ историјата, барајќи ја идеалната поврзаност меѓу власта на императорот и онаа на свештенството, обете божествени институции кои имаат функција да ги запазат редот и хармонијата, одраз на божествениот ред на небесата.[4] Тоа што Црквата не го примила одозгора, го примил императорот, а императорот не го примил тоа што го примила Црквата. Притоа, Црквата не е власт, ниту извор на власта.[5]

Едно забележано сведоштво од ѓаконот Агапит го продлабочува размислувањето за местото на императорот во заедницата: „Како што окото е всадено во телото, така и императорот е поставен во светот... Неговата должност е да се грижи за сите луѓе како за членови на своето семејство, за да напредуваат во доброто, а не во злото" (PG 86, 1177).[6] Според тоа, правата, одговорноста и улогата на императорот, положбата која ја зазема и задачата која му е доделена според божанската промисла, јасно го разликувала од останатите членови на Црквата.

Во обид да се истакне власта на императорот во Црквата, може да се забележат определени религиозни титули кои му се даваат на императорот, како што се „Божји помазаник" или „жива икона на Христос".[7] Секако, императорот требало да се одликува со силна вера и одлучна ревност, па затоа

*and Church: Studies in Medieval Bulgaria and Byzantium*, ed. VasilGjuzelov and Kiril Petkov, Sofia 2011, 32-34.

2 Токму затоа и Црквата сметала дека е должност да се следи империјалното водство во секуларната област, види Deno J. Geanakoplos, "Church and State in the Byzantine Empire: A Reconsideration of the Problem of Caesaropapism", *Church History* 34 (1/1965) 387. Bakalov, "Religius Aspects of medieval State Ideology in the European Southeast", 35.

3 Bakalov, "Religius Aspects of medieval State Ideology in the European Southeast", 36.

4 Geanakoplos, "Church and State in the Byzantine Empire", 382.

5 Миодраг Петровић, „Положај и права византијског цара у Цркви", *Теолошки погледи* 4 (1971) 311.

6 Петровић, „Положај и права византијског цара у Цркви", 308.

7 Geanakoplos, "Church and State in the Byzantine Empire", 384.

уште светите отци на царот му даваат многу епитети, како што се „најпобожен“, „христољубив“,„богољубезен“, „цар ереј, архиереј“, и др. На пример, учесниците на Трулскиот собор, во поздравниот говор му се обратиле на Јустунијан како на „најпобожниот христољубив цар“[8]. Како „Христов викар на земјата“[9], императорот е повикан да служи на државата и на народот. Тој е привремен викар на Бога на земјата сè до денот на Второто Христово доаѓање на земјата.[10]

Византија, како и другите средновековни држави, никогаш не поседувала пишан устав кој би ги сумирал основните ингеренции на владеење и нивната поделба на авторитет. Не постои официјален документ кој ги набројува специфичните права на императорот, ниту, пак, има официјален документ кој ќе ги стави написмено императорските права, или барем дел од нив, оние кои се однесуваат на Црквата. Но, за нашето прашање извори наоѓаме во граѓанските и црковните закони, како едиктите на императорите, номоканоните и актите од локалните или екуменските собори. Има и збирки со толкувања на големите канонисти, како оние на Зонара, Валсамон, Хоматијан, и пред се, на Матија Властар, кои со време примиле полуофицијална сила на закон.[11] Валсамон смета дека императорите, „бидејќи се помазаници Господови“, се стекнуваат во Црквата со посебни права.[12] Димитриј Хоматијан, во одоговорот на Кавасила вели дека „царот е помазаник Господов поради царското помазание“.[13] Во историјата на црквното право е востановен поголем број на канони, врз основа на кои Црквата се обраќа со барање до државната власт, која се одликува со „христијанска благочестивост“. Отците на Картагинскиот собор (419) востановиле дека „треба да се замолат благочестивите цареви целосно да се исфрлат од употреба остатоците од идолите по Африка“ (58 канон). На истиот собор, во насока на решавање на други проблеми, се вели: „Се востановува, од нашиот собор да се прати писмо до властите на Африка... па таму, каде по градовите се презира епископскиот авторитет, со снага на власта и грижата и христијанската вера, да се испита што се случува“ (67 канон).[14]

Врз основа на овие канони, како и на подоцнежни закони, византиските цареви биле задолжени да се грижат за верата во Црквата. Потврди за тоа се наоѓаат дури и во неколку царски изјави. Така, Валенитијан и Маркијан (450-457) им пишувале на „сите богољубиви епископи: Првенствено и пред

8 G.A. Rallis – M. Potlis, eds. 2, 295-299.

9 Йоанис Караянопулос, *Политическата теория на визнатийците* (София: Университетско издателство «Св. Климент Охридски», 1992), 36.

10 Bakalov, “Religius Aspects of medieval State Ideology in the European Southeast”, 37.

11 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 383.

12 G.A. Rallis – M. Potlis, eds. 2, 467 и 3,44.

13 G.A. Rallis – M. Potlis, eds. 5,429. Миодраг Петровић, „Положај и права византијског цара у Цркви“, 308.

14 Слични канони се донесени и претходно на Сардискиот собор (7-9 и 21 канон), како и потоа на Антиохискиот собор (11 канон).

сè водиме грижа за светата православна вера“ (Mansi VI, 557). Јустинијан (527-565), во своето обраќање до патријархот Мина, вели: „Нашата ревност секогаш била и е, со сите средства да ја запазиме чиста христијанската вера и состојбата на најсветата Божја католичанска и апостолска Црква; оваа грижа ја сметаме за прва, над сите останати“ (Migne PG 86,945). Јован Комнен се запрашува: „Што е покорисно и поважно за моето царство од тоа да се запази Црквата од секоја навреда и злоупотреба“ (Zepi, JGR, 1, 363)?[15]

Впрочем, оваа византиската политичка теорија може да се каже дека започнува со Евсевиј Кесариски, црковен советник на Константин Велики. Според неговото мислење, изворот на целата власт, и религиозната, и секуларната, доаѓа од Бога. Божествениот Логос, Христос, е врховен Првосвештеник и Цар на земјата, соединувајќи ги во Себе царството и свештенството. Кога Христос го напуштил светот, власта е поделена на две сфери: духовната, која им била предадена на апостолите, и граѓанската власт на цезарот. А како претставник на Бога над Неговото царство на земјата, императорот е одговорен за редот во империјата, за спроведување на правдата, за одржување на мирот... Како што Евсевиј укажува, императорот е оној кој го врамува земното владеење според моделот на божествениот оригинал на небесата.[16]

Од друга страна, пак, ваквото истакнување на божанското потекло на земната власт на императорот водело и до делумна потчинетост на Црквата пред световната власт, што била причина многу еминентни црковни личности да излезат со остри одговори. Така, на пример, свети Јован Дамаскин јасно вели дека лаикот треба да биде послушен на императорот во сè што се однесува на световниот живот, но работите на Црквата се исклучиво во доменот на црковните собори. Обновувачот на византиското монаштво, свети Теодор Студит, има сличен став: „За сето она што се однесува во Црквата, надлежни се свештениците и учителите; на царот му приличи да се грижи за работите надвор од Црквата. Во таа смисла и апостолот запишал: Едни од вас Бог постави во Црквата, прво апостоли, второ пророци, трето учители (1Кор 12,28). Тука императорот не е спомнат“.[17] Како помазаник Господов, императорот може да делува во Црквата само како помагач. Тројната функција на учење, свештенодејствие и пастирствување, Бог не ја дал на царевите, туку на апостолите и нивните наследници, согласно Божјата наредба: „Пазете на себе и на своето стадо коешто во коешто Светиот Дух ве постави за епископи да ја пасете Црквата на Господа Бога“ (Дела 20,28; 16,4).[18] При истакнувањето на божественото потекло на власта на императорот во доменот на земната власт, и нему му било јасно дека, и

15 Петровић, „Положај и права византијског цара у Цркви“, 314.

16 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 384. Резиме на некои аспекти од политичката мисла на Евсевиј Кесариски, види кај Norman H. Baynes, “Eusebius and the Christian Empire”, *Annuaire de l’institut de philology et d’histoire orientalis* 2 (1933-34) 13-18.

17 Bakalov, “Religius Aspects of medieval State Ideology in the European Southeast”, 40.

18 Петровић, „Положај и права византијског цара у Цркви“, 310.

покрај сите привилегии, не му припаѓа духовната власт.[19] Значајно се чини и сведоштвото на ѓаконот Лав, кој на императорот Јован Цимискин му ги припишува зборовите: „Јас признавам две моќи во животот: свештенството и империјата; Создателот на светот на едните им ја доверил грижата на душата, на другиот, пак, грижата за телото. Ако не биде повреден ниту еден дел, добросостојбата на светот е сигурна“.[20] Исто така, Лав VI ќе забележи: „бидејќи *politeia* е сочинета, како човекот, од делови и членови, најважните и најнеопходните делови се императорот и патријархот“.[21] Потоа, VI новела на Јустинијан и 18 наслов од *Epanagogue* водат кон законска заснованост на односот меѓу двете најголеми власти и авторитети. Треба да се истакне и тоа дека, и покрај тоа што императорот бил член на Црквата, а патријархот граѓанин на империјата, државата секогаш имал доминантна улога.[22] Голем број на закони и објави од водечките каноничари ја потврдуваат теоријата за блиската соработка меѓу императорот и патријархот за доброто на империјата. Но, од друга страна, пак, конфликтот меѓу императорот и патријархот не бил редок, кога, со мали исклучоци, тие се надминувале според волјата на императорот.[23]

Империјална привилегија во доменот на црковната администрација, која, до самиот крај на империјата, императорите секогаш ја практикувале, е да свикуваат екуменски собори. За да биде соборот валиден, бил потребен потписот на императорот.[24] Меѓу правата дадени на императорот од Црквата е и она за спроведување на соборските одлуки.[25]

Како заштитник на Црквата, императорот имал многу активна, па дури и доминантна улога во нејзината организација и администрација. Најизразитата карактеристика во оваа област е неговата власт да го назначува вселенскиот патријарх. Императорот го избирал патријархот од листа со три имиња, предложени од Синодот на Цариградската патријаршија. Ако ниту еден не му се допаѓал, тогаш тој би предложил друг, кој преку санкција

19 Некои византолози, под впечаток на тоа што значи да се извршува огромна власт и контрола од страна на византиските императори врз и во Црквата, императорскиот авторитет го опишуваат како „цезаропапизам“, во смисла на концентрација на граѓанската и религиозната власт кај едно лице, како кога тој би бил и император, и папа. Импликацијата е, впрочем, да се прикаже Црквата како оддел на Државата. Сепак, најголемиот дел од историчарите се мошне внимателни при употребата на ваквата терминологија. Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 381.

20 Ernest Barker, *Social and Political Touhgt in Byzantium* (Oxford: Clarendon Press, 1957), 21. Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 382.

21 Barker, *Social and Political Touhgt in Byzantium*, 92; Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 382.

22 Bakalov, “Religius Aspects of medieval State Ideology in the European Southeast”, 40.

23 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 382.

24 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 389.

25 За предлогот на Константин Велики во врска со терминологијата со која се опишува односот меѓу Синот и Отецот види Архиепи́скоп Аве́ркий Таушев, *Семь Вселенских соборов* (М., СПб, 1996), 11.

на Синодот би бил назначен за патријарх.[26] Не помалку важна е и неговата власт (во пракса, не во теорија), да го симне патријархот од тронот. Како и да е, и во тој случај тоа станувало со потврда од страна на Синодот.[27]

Императорот, исто така, имал право да го инаугурира патријархот. Инаугурацијата се случувала во палатата на императорот во присуство на достоинственици од Црквата и Државата.[28] Императорот лично го објавувал резултатот од изборот, со зборовите: „по Божја милост и нашето Височество, кое од неа произлегува, издигнат е (името) да биде патријарх на Константинопол“. Потоа императорот на патријархот му давал крст, пурпурна наметка и панагија, како ознака за неговата нова служба, по што следела литија со патријархот низ улиците на престолнината.

Понатамошните привилегии на царот во областа на црковната администрација и организација, и во теорија и во пракса, се состоеле во неговата моќ да ги прераспредели епархиите во согласност со политичката или црковната потреба, правото да преместува епископи од една епархија во друга и да го промени степенот или честа на епархиските седишта. Како што вели канонистот Зонара: „Царот може да издигне епископија во митрополитско седиште, да го ослободи [епископот] од другите митрополити и да ги прераспредели епископските области“.[29]

Освен црковно-правните, императорот имал и литургиски привилегии поради посебната позиција што ја имал императорот во христијанското општество како претставник Божји на земјата и како „жива икона Христова“. Византиската црква не го смета за обичен лаик и затоа му се дадени одредени посебни привилегии и во овој домен. Иако не можел да извршува никакви свети тајни, тоа не му пречело да носи облеки слични на тие на епископот и да има посебно место при богослужбата во храмот.[30] Најчесто споменуваната литургиска привилегија на императорот била таа тој да може да влезе во олтарот на црквата, каде што се извршуваат светите тајни.· Византискиот император, исто така, можел да проповеда пред собраниот народ во црквата. Така, на пример, Лав VI Мудриот со задоволство ги произнесувал своите беседи пред византиското население за време на црковните празници.[31]

---

26 Constantine Porphyrogenitus, *De ceremoniis*, PG, 112 col. 564-566. Pseudo-Codinus, *De officiis*, PG, 156, col. 116-117). За арбитражата на императорот во изборот на патријархот види Vitalien Laurent, “Le rituel de l’investiture du patriarch byzantine au debut du XVe siècle” во *Bulletin Sect. Hist. Acad. Roum.*, 28 (1947) 218-32. Според Louis Bréhier “L’investiture des patriarches de Constantinople au Moyen Age” *Studi e Testi*, 3 (Rome, 1946), 368-372, правото на избор на патријархот по IX и X век бил признаен во пракса, ако не со правен акт.

27 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 388.

28 Steven Runciman, *The Great Church in Captivity: A Study of the Patriarchate of Constantinople from the Eve of the Turkish Conquest to the Greek War of Independence* (Cambridge: Cambridge University Press, 1968), 55.

29 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 389.

30 На Халкидонскиот собор во 451 година, императорот Маркион бил поздравен како свештеник и цар, но тоа не значи дека му бил доделен свештенички статус, нему или на кој било друг византиски император.

31 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 390.

Уште повпечатлива империјална привилегија била можноста да се причестува на ист начин како и свештениците, односно сам да се причести директно од путирот и дискосот. Потоа, тој можел да го благословува собраниот народ во црквата со трикири (на начин како што тоа го прави епископот), а, исто така, да кади со кадилница. Познатиот византиски канонист од дванаесеттиот век Теодор Валсамон, чиј став е генерално проимперијалистички, вака ги опишува повеќето од овие литургиски привилегии на императорот: „Православните императори (кои ги избираат патријарсите) со повикување на Света Троица, стануваат Христови Помазаници, па кога и да сакаат можат да влезат во светиот олтар, да кадат и благословуваат со трикирите, како епископот. Исто така, им е дадено да им проповедаат на луѓето ...“.[32]

И на крај, мора да ја спомнеме посебната привилегија на императорот, а тоа е неговото помазание за време на неговото крунисување, по примерот на цар Давид во Стариот завет. Некои сметаат дека оваа практика на империјално помазание првпат се појавила кај Византијците при крунисувањето на Теодор I Ласкарис на почетокот од XIII век во Никеја, како резултат од влијанието на блиската Латинска империја во Цариград. Според една друга теорија, оваа византиска пракса, да се помаза „царот и автократор“ е присутна уште под Василиј I (IX век). Како и да е, мора да се забележи дека дури и чинот на царското крунисување и придружното помазание биле подложени на одредено црковно ограничување. Имено, патријархот би можел одбие да го круниса царот ако тој прво не го потврди своето исповедување на верата (коешто, секако, не значело дека Црквата имала право да го избере царот).[33]

Според најубедливото мислење, при крунисувањето патријархот дејствувал во својство на вториот најважен „цивилен“ службеник на империјата, додека на придружната церемонија на помазание функцијата на патријархот била првенствено свештена. Како што е наведено, помазанието при крунисувањето (ако се случило) било привилегија само на императорот, и овој чин помогнал дополнително да се издвои од сите други луѓе и да му даде печат на божествено одобрување на неговото владеење[34]. Сепак, и покрај овие импресивни привилегии на императорот, без оглед на акцентот ставен врз нивната важност од страна на некои современи историчари, мора да се признае дека императорот на крајот секогаш останувал лаик за Црквата.[35]

Императорските привилегии во однос на Црквата во престолнината ќе бидат употребени и употребувани и во однос на Охридската архиепископија. Врз тие основи, кога во 1018 година византискиот император Василиј II

32 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 391.

33 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 391-392.

34 Се чини веројатно дека мирото од светата тајна крштение и помазание било различно од она што се користело на церемонијата на царското помазание.

35 Geanakoplos, “Church and State in the Byzantine Empire”, 397.

го освоил Самуиловото царство (976-1018), тоа станало дел од Византиската империја, а за црковно седиште го задржал Охрид, основајќи ја Охридска Архиепископија како самостојна автокефална црква, независна од Цариградската патријаршија. Со тоа Охрид станал повеќе црковен, отколку воен и граѓанско административен центар.[36] При одредувањето на границите и јурисдикцијата на Охридската Архиепископија, императорот го користел своето право, власт и авторитет, издавајќи три документи, т.е. сигилии.[37]

Основањето на автокефалната црква во Охрид требало да води кон интеграција на населението во византиската империја. Затоа, како прв архиепископ бил поставен Јован, Словен по потекло, за кого поголемиот дел од денешните истражувачи го признаваат за архиепископ, па дури и за патријарх на Самуиловата црква. Тоа значело дека, и византискиот император, и византиската црква му го признаваат неговиот највисок ранг во Самоиловата држава,[38] но и дека само императорот, а не патријархот, поседувал право да го назначи архиепископот, исто, како што го назначувал и цариградскиот патријарх. Впрочем, позицијата на поглаварите на автокефалните цркви на Охрид и Кипар биле потенцијално скоро како оние на цариградскиот патријарх.[39]

Подоцна, во времето на охридскиот архиепископ Димитриј Хоматијан ќе следи изградување на едно скоро патријаршиско црковно уредување на автокефалната Охридска црква, како резултат на тогашните политички прилики.[40] Имено, по состојбите кои ги причинила Четвртата крстоносна војна (1202–1204), како што е и падот на Цариград на 13 април во 1204 година, на Балканскиот полуостров настапиле нови политички промени. Следела поделба на Империјата и создавање на нови држави на Балканот и во Мала

36 Günter Prinzing, "A quasi Patriarch in the State of Epiros: the autocephalous Archbishop of "Boulgaria" (Ohrid) Demetrios Chomatenos", *ЗРВИ* 51 (2004) 168.

37 Во овие документи детално се опишани епископите кои припаѓале под јурисдикција на Охридската архиепископија: охридска, костурска, главенишка, мегленска, битолска, струмичка, морозвидска, велбуждска, средишка, нишка, браничевска, белградска, сремска, скопска, призренска, липљанска, сервијска, дристарска, видинска, рашка, орејска, чернишка, химарска; следуваат Митрополијата драчка, Епископијата дринополска; во продолжение следува нечитливо име на некоја Епископија, и на крај Епископиите: ботротска, јанинска, козилска, петарска, ригонска, стажска и веријска. За жал, не е сочуван оригиналот на овие документи, но сепак текстот се пренесува преку хрисовулите на Михаил VIII (1272). Види Αγγελική Δεληκάρη, "1000 χρόνια από την ίδρυση της Αρχιεπισκοπής Αχρίδος," https://antonisparas.blogspot.com/2018/10/1000_1.html?view=flipcard. За сигилиите на Василиј II и идентитетот на Охридската архиепископија, види Mitko B. Panov, "Ohrid Archbishopric and Ecclesiastical Identity in Byzantium," во *Proceedings of the 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I", Skopje, 13-14 November, 2020*, ed. Mitko B. Panov (Skopje: INI, 2021), 82-92.

38 Angeliki Delikari, "Die Situation in Nord-West Makedonien wärend der Regierung des Basileios II, die sogennante Kirche des zaren Samuel und die Gründung des Erzbistums von Ohrid," во во *Европейският Югоизток през втората половина на X – началото на XI век: История култура, Международна конференция, София, 6-8 Октомври, 2014,* ed. Васил Гюзелев, Георги Н. Николов (София: Българска Академия на науките, 2015), 241-242.

39 Günter Prinzing, "A quasi Patriarch in the State of Epiros: the autocephalous Archbishop of "Boulgaria" (Ohrid) Demetrios Chomatenos", *ЗРВИ* 51 (2004), 168.

40 Prinzing, "A quasi Patriarch in the State of Epiros: the autocephalous Archbishop of "Boulgaria", 168.

Азија.[41] Поделбата предвидена со договорот била краткотрајна, па дури и не била целосно применета.[42] Во секој случај, падот на Константинопол и раслојувањето на Византиската империја претставува пресврт не само во односите Исток-Запад, туку и во историските случувања во Европа и Средниот Исток.[43] Во времето на Хоматијан, територијата на Охридската архиепископија главно е дел од Епирското деспотство, а неговото поставување за архиепископ се случило за време на следниот епирски владетел, Теодор Дука Комнен (1214-1230). Всушност, тој станува архиепископ Охридски во време кога губењето на византискиот суверенитет на Истокот беше предизвикал хаос и неред во политичките, општествено-економските и верските работи во регионот.[44] Хоматијан е назначен од императорот, иако Цариградската патријаршија сметала дека е потребно да има контрола врз изборот на претстојателите на Охрид, па затоа и реагирала при изборот на Димитриј Хоматијан на архиепископскиот трон за Охрид.[45]

На Епирската држава и одговарало автокефална архиепископија која би приличела на патријаршиско седиште,[46] па затоа и не ѝ пречело интензивното придодавање на „Јустинијана Прима" кон титулата на охридскиот архиепископ, со што јасно се претендирало дека Охридската архиепископија е директна наследничка на славната автокефална црква.  Единствено во времето на Хоматијан од целата византиска епоха може да се насети формирање на квази патријаршиски авторитет на охридскиот архиепископ,

41 Скиптарот на Византиското царства бил пренесен од Цариград во Никеја, каде се зацврстил Теодор I Ласкарис, а други грчки држави биле Епирското деспотство, раководено од Михаил I Ангел (1204–1215) и Трапезунтското царство на чело со браќата Комнен, Алексиј и Давид, внуци на византискиот „крвопролевач" Андроник I. Никеја и Епир постојано ќе се натпреваруваат за враќање на Константинопол со цел да ги обноват правата за наследство врз престолот на Источното Римско царство. На Балканот настанале латинските држави: Атинското војводство, Ахајското кнежевство, Солунското кралство и Царството Романија (Латинско царство). Сп. Ивана Коматина, *Црква и Држава у Српским земљама од XI до XIII века* (Београд: Историјски институт, 2016), 228.

42 Дејан М. Џелебџић, *Друштво у Епирској држави прве половине XIII века* (Београд 2012, докторска дисертација), 1.

43 Eleonora Naxidou, "Latin West in the Eyes of the Orthodox East: The Paradigm of the Archbishop of Ohrid Demetrius Chomatenus", *Црквене студије* 15 (2018) 330.

44 „Постојат идеалисти кои наивно веруваат дека ако само народите во светот би можеле да се запознаат еден со друг, ќе има засекогаш мир и добра волја. Ова е трагична заблуда. Навистина е можно образуваните мажи и жени да уживаат во друштвото и обичаите на туѓинците и да чувствуваат симпатија кон нив. Но, поедноставните луѓе, кои се наоѓаат во земја, чиј јазик и навики им се неразбирливи, се чувствуваат загубени и огорчени. Така беше и со илјадниците крстоносни војници и поклоници кои поминаа низ Византиската империја во 1096 и 1097 година. Тие почнаа да го спасуваат источниот христијански свет, но кога дојдоа во земјата на источните христијани, тие ги сметаа за чудни и недобродојдени. Јазикот беше неразбирлив, големите градови непознати и раздразнувачки. Црквите изгледаа поинаку... Ниту, пак, луѓето се радуваа да ги видат своите спасители" (Steven  Runciman, T*he Eastern Schism. A Study of the Papacy and the Eastern Churches during the XIth and the XIIth centuries* (Oxford: Oxford University Press, 1955), 79-80.

45 Αγγελική Δεληκάρη, "1000 χρόνια από την ίδρυση της Αρχιεπισκοπής Αχρίδος".

46 Prinzing, *Demetrii Chomateni, Ponemata Diaphora*, 2002, 17.

од причини што околностите биле поволни како никогаш пред или потоа. Хоматијан го обновил архиепископскиот синод и му го променил името и функцијата во т.н. *Synosos endemousa*, односно „постојан Синод“, правејќи така супститут во Епир на Синод кој постоел само при пратријаршиската столица од 10-11 век (PD 34).[47]

Централен црковно-политички настан во службата на архиепископот било царското помазание поврзано со крунисувањето на императорот Теодор Дука во Солун во 1227 година, акт кој претставува логичка консеквенца на објавувањето на владетелот како император. Хоматијан го извел крунисувањето, секако, поткрепен со одлука на Синодот составен од сите епископи во епирската држава.[48] Конфликтот меѓу Епир и Никеја се повеќе се вжештувал. Никеја никогаш не го признала новиот владетел, додека патријархот Герман II протестирал за преземањето на пурпурните одори од страна на Теодор, истакнувајќи дека не е можно да има два императори за една империја, како што не е можно да има ниту два патријарси. Со овој став, макар и индиректно, се признавало дека никејскиот император и цариградскиот патријарх на Хоматијан гледале како на втор патријарх.[49] Тоа воедно значи дека воспоставениот и со векови градениот однос меѓу императорот и црквата во престолнината на Византија, во даден историско-политички контекст, успеале да се пресликаат и во односите помеѓу императорот и столицата на автокефалната Охридска црква.

47 Prinzing, "A quasi Patriarch in the State of Epiros", 170 и 176.

48 Prinzing, "A quasi Patriarch in the State of Epiros", 174.

49 Оттаму и писмената преписка меѓу патријархот Герман II и Хоматијан. Во својот одговор, патријархот прашува, од каде правото на охридскиот архиепископ да го помаза императорот и од каде му е мирото, кое сега го користи за да го подели единството на патријаршијата (PD 113). Хоматијан му одговорил детално во 1228/1229 (PD 114), кога укажува на посебните политички околности како и одлуките на политичките и црковните тела во епирската држава. Притоа, тој се повикува на 131 Јустинијанова новела, каде овдешниот архиепископ се спомнувал веднаш после римскиот папа и цариградскиот архиепископ. Неговата аргументација кулминира во прашањето: „Ако сега ги имаме папските привилегии во нашата епархија, зошто се смета за новотарија ако ние, исто како и папата, го помазаме императорот“? (PD 22-25, 114), Günter Prinzing, "A quasi Patriarch in the State of Epiros", 174-175.